# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03-152
25.01 2021 год.
СКОПЈЕ

До: Јавноста во Р.С. Македонија

Предмет: ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Во последниот период повторно се интензивираат разни шпекулации и дезинформации кои за жал лесно пробиваат кај дел од клубовите, а се пласирани од страна на луѓе кои посакуваат хаос и проблеми бидејќи истите се докажани неработници кои ниту имаат пливачи, организиран систем на работа или желба за напредок.
Една од тие невистини е организација на некое нивно замислено национално првенство кое би се одржало во месец Февруари оваа година на кое би настапиле сите клубови и би се водело како некое замислено државно првенство според тие лажни шпекулации.
Националната Пливачка Федерација во која членуваат сите клубови е единствена законска организација која се грижи за пливачкиот спорт во нашата држава и како таква е единствена законска организација која смее да организира државни првенства според позитивните законски норми кој важат во нашата држава.
Од тие причини ве известуваме дека организација на некое првенство е груба лага и предмет кој доколку се потпише, официјализира или објави како државно првенство од страна на некој правен субјект ќе биде проследен за понатамошни правни постапки.
Истовремено ве замолуваме за сите нејаснотии, разни шпекулации или сомнителни информации да се обратите за точна информација до Националната Пливачка Федерација со цел елиминација на лажни вести и информации кои за жал често кружат и се пласираат од страна на разни негативни ликови кои се појавуваат во пливањето и се ставаат над законот за што за брзо време ќе одговараат пред лицето на правдата.
Заедно со ова писмо повторно го испраќаме официјалниот записник од последното одржано државно првенство кое се одржа на 12-13.12.2020 година на кое учество земаа сите клубови, беа постиганти одлични резултати со соборени преку 20 државни рекорди и со прогласени најуспешните пливачи по категории.
Овии информации се јавно достапни на нашата веб страна. ( pfm.org.mk )
Следно државно првенство ќе се организира на 03-04.07.2021 година според усвоениот Календар на НПФ за 2021 година.

Национална пливачка федерација
Претсдетаел

Скопје

Претседател

25.01.2021

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Скопје

М-р. Александар Филипчев

Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com

www.pfm.org.mk

Scanned with CamScanner